МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

IDSCS | Институт за демократија
Социетас цивилис - Скопје

# СПОРОТ ЗА ИМЕТО МАКЕДОНИЈА

## - ставови на јавноста -



*Сашо Клековски* | *октомври, 2011 г.*

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС)

**За издавачите**
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Димче Митрески, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС

**Автор**
Сашо Клековски

**Подготовка и обработка на податоци**
Даниела Стојанова

**Лектура**
Даниел Медароски

ISBN 978-608-4617-46-4

Скопје, октомври 2011 г.

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на издавачите на овој извештај.

**МЦМС/ИДСЦС**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

# ПРЕДГОВОР

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е водечка граѓанска организација во Македонија и регионот, основана во 1993 г. Институтот за демократија Социетас цивилис (ИДСЦС) е водечка организација за промоција на демократијата, основана во 1999 г.

И МЦМС и ИДСЦС се сосредочени на демократскиот развој на Македонија и на европските политики и интеграции.

МЦМС во континуитет го поддржува правото на самоидентификација на Република Македонија. Во 2004 г. заедно со други организации ја организира и учествуваше во кампањата „Кажи Македонија" (Не ме Фиромирај). Во 2008 г. со заедничка изјава „И Македонија и НАТО", МЦМС заедно со неколку организации повторно се произнесе сметајќи дека името е право на самоидентификација, а не спор.

Но по непоканувањето за членство во НАТО во 2008 г., како и по застојот во ЕУ-интеграциите од 2009 г., спорот за името Македонија станува главна пречка во евроатлантските интеграции на Македонија.

Во 2010 г. МЦМС за првпат спроведе истражување на јавното мислење во Македонија за спорот за името Македонија.

Во 2011 г. МЦМС и ИДСЦС, водени од застојот на евроатлантските интеграции на Македонија и потребата за политики засновани на факти, спроведоа ново истражување за спорот за името Македонија.

Истражувањето треба да придонесе кон отворање поширока дебата за спорот за името, во која ќе бидат вклучени сите релевантни актери. Извештајот го прикажува мислењето на граѓаните за спорот со името, што треба да послужи во утврдувањето на политиките за спорот.

МЦМС
Александар Кржаловски
Димче Митрески

ИДСЦС
Владимир Мисев

# СПОРОТ ЗА ИМЕТО МАКЕДОНИЈА

## Ставови на јавноста во Македонија

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР** ..... 2

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ** ..... 4

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** ..... 5

**СПОРОТ ЗА ИМЕТО МАКЕДОНИЈА** ..... 6

I Вовед ..... 6

II Кратка историја на спорот ..... 7

III Решение за спорот ..... 9

IV Одговорност за решение ..... 14

V Одлука на меѓународниот суд за правда ..... 15

VI Приоритети и реакции во однос на можното решение ..... 15

**ЗАКЛУЧОЦИ** ..... 21

**ПРИЛОЗИ**

Прилог 1. Прашалник ..... 23

Прилог 2. Структура на примерокот ..... 25

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| ЕУ | Европска Унија |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| МЦМС | Македонски центар за меѓународна соработка |
| ИДСЦС | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје |
| ООН | Организацијата на Обединетите нации |
| НАТО | Северноатлантска алијанса |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| УНПРЕДЕП | Превентивна мисија на Обединетите нации (United Nations Preventive Deployment Force) |
| УНПРОФОР | Заштитни сили на Обединетите нации (The United Nations Protection Force) |
| БО | без одговор |
| НЗ | не знам |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Спорот за името Македонија, станува главна пречка во евроатлантските интеграции на Македонија. Во 2011 г. МЦМС и ИДСЦС водени од застојот на евроатлантските интеграции на Македонија и потребата за политики засновани на факти, спроведоа ново истражување за спорот за името Македонија.

Граѓаните и понатаму се **против каква било промена на името**, односно скоро половина граѓани се цврсто против каква било промена на името, за прашањето за можно решение се определиле за никаква промена (45,3 %), одговориле дека не прифаќаат ниту една географска одредница (44,6 %), имаат став да се зачувува името и по цена на застој (39,6 %), а на можен референдум за име за севкупна меѓународна употреба би гласале со „не“ (58,4 %). Мнозинството кое е за никаква промена е поголемо меѓу етничките Македонци (57 % се за никаква промена). Ставовите се малку променети од декември 2010 г.

Во тек е **национално обединување околу спорот со името** и во 2011 г. и се намалуваат етничките разлики, односно ставовите се приближуваат во насока дека решението е помеѓу никаква промена и договорено име за меѓународните организации. Граѓаните од сите етнички и партиски припадности ја бранат црвената линија за идентитетот (против додефинирање на јазикот) и бараат одлука за името на референдум.

Постои **мал прозор за компромис**, можно по одлуката во Меѓународниот суд за правда (36,9 % граѓани очекуваат одлука во корист на Македонија). На 40,5 % граѓани им се важни евроатлантските интеграции и мислат дека треба да се прифати компромис со Грција, кој нема да го загрози македонскиот идентитет, културата и јазикот. Можни компромиси се „двојна формула“ (20,8 %) и договорено име за меѓународни организации (19,2 %). Мнозинство граѓани сакаат решение за една година, а повеќето го очекуваат на средни или долги патеки или никогаш. Можниот модел за прифатлив компромис за граѓаните, иако во истражувањето е со малцинска поддршка, е „Северна Република Македонија“ или „Република Македонија (Скопје)“, како договорено име за употреба во меѓународните организации (ООН, ЕУ и НАТО).

**Идентитетот е гранитна црвена линија** - мнозинство граѓани (69,4 %) и големо мнозинство етнички Македонци се против дефинирањето во ООН на националноста/државјанството на пример како „граѓани на Република Северна Македонија“. Големо мнозинство (74 %) на граѓани и етнички Македонци (87 %) и повеќето граѓани од сите етнички припадности се против додефинирањето на јазикот во ООН на пример како македонски јазик (официјален јазик на Република Северна Македонија).

Постои **консензус дека за името ќе се одлучува на референдум.** Мнозинство граѓани (64 %), од сите етнички и партиски припадности бараат одлука за името на референдум. Поддршката за референдум е во пораст од декември 2010 г. вклучувајќи и меѓу етничките Албанци.

**На референдум – 58,4 % би гласале против** договорено име за севкупна меѓународна употреба, секој четврти граѓанин би се вклучил во **самоорганизирани протести** против промена на името**.**

**Стравувања од застој, ризикот од нови отстапки и раскол**, мотиви за и против решение. Граѓаните имаат стравувања дека Грција ќе бара нови отстапки во идентитетот и јазикот дури не го уништи македонскиот идентитет (40,4 %) и дека ќе има раскол на предавници и патриоти (21,7 %). Овие две закани се закани по опстанокот на нацијата и веројатно се главен мотив во одбивање компромис. Двата страва од нови отстапки и од раскол може да се надминат со одредени решенија. За стравувањето од нови барања на Грција можно решение е предлогот од Гералд Кнаус од Европската иницијатива за стабилност (ЕСИ), можниот договор меѓу Грција и Македонија да стапи во сила на денот на прием на Македонија во ЕУ (во НАТО би била примена под времената референца). На тој начин Грција од кочничар би станала промотор на македонското членство во ЕУ, а Македонија би знаела дека нема да има нови пречки на патот кон ЕУ, без разлика дали тие се поставени од Грција или од земји кои се спротивставуваат на проширувањето (можен референдум во Франција или вета од ЕУ членки со влијание на екстремната десница). Второто стравување од раскол, може да се надмине со примена на „Рамковен модел“, односно можниот договор со Грција писмено да биде одобрен од сите главни политички партии.

# СПОРОТ ЗА ИМЕТО МАКЕДОНИЈА

**Ставови на јавноста во Македонија**

## I ВОВЕД

Во извештајот Спорот за името Македонија – ставови на јавноста во Македонија се прикажани резултатите од испитувањето на јавното мислење. Извештајот е составен од делови за методологија, кратка историја за спорот, ставови на граѓаните за решение на спорот, одговорност за решение, како и нивни приоритети, мотиви и реакции околу можното решение на спорот за името.

Истражувањето е заеднички потфат на МЦМС и ИДСЦС, а теренската анкета ја спроведе ИДСЦС.

### I.1. Методологија и пристап

Испитувањето на јавното мислење е направено преку теренска анкета од страна на ИДСЦС од 10 до 24 септември 2011 г. на репрезентативен примерок од 1.090 испитаници со +/- 3 % грешка.

**Прашалник**

Прашалникот (прилог 1) беше подготвен врз основа на прашалникот од анкетата на население спроведена на истата тема во декември 2010 г., а надграден во согласност со актуелните прашања во однос на името на Македонија. Беа опфатени 30-ина варијабли кои се однесуваат на ставовите на граѓаните за спорот за името и за неговото решавање. Независните варијабли ги опфатија социо-демографските карактеристики.

**Примерок**

Анкетата е направена на репрезентативен национален примерок (прилог 2), а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Од 1.090 испитаници, 55,2 % беа жени, а 44,8 % мажи, во однос на етничката застапеност 66,3 % од испитаниците беа Македонци, а 26,9 % Албанци, додека другите етнички групи беа застапени со 6,8 %. Во однос на местото на живеење, руралната популација беше застапена со 37,8 %, додека градската со 62,2 % (градот Скопје со 21,1 %).

### I.2. Поими и дефиниции

Во извештајот се употребуваат поими, на пример за можните решенија кои се дефинирани во Табела 1. Преглед на употребени формулации за решенија за името.

Македонија или Република Македонија во смисла на име на држава е употребуван за државата Република Македонија.

Националност е употребувана во смисла на припадност кон држава – државјанство, а не во смисла на етничка припадност. Во прашањето за дефинирање на националност во ООН тоа е појаснето со државјанство. И во заклучоците национално обединување е употребено во смисла на обединување на нацијата/ граѓаните.

Извештајот не сугерира дека е постигнато решение, соодветно и можно решение и/ или решение се употребува за некое идно или можно решение. Сите примери се хипотетички зададени како илустрација на можните решенија.

### I.4. Обработка и прикажување на резултатите

Резултатите се прикажани во графикони на ниво на вкупниот примерок. Покрај графиконите, податоците се прикажани и во бројки.

Во извештајот незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 % и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Социо-демографските анализи за помалобројните социо-демографски групи поради нивното мало учество во националниот примерок не се коментирани во овој извештај.

Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите.

### I.5. Ограничувања на истражувањето

Ниту се јавно комуницирани, ниту МЦМС и ИДСЦС имаат сознанија за текот на разговорите под покровителство на ОН или пак за можните решенија. Единствените извори се медиумите. Затоа одредени прашања се поставени со одредени претпоставки, за да се обезбедат илустрации и примери за можните решенија. На пример договореното име употребено во прашањето на референдум - Централна Балканска Република Македонија е само пример за име со географска одредница пред името Република Македонија, кое е некогаш споменато, но без сознанија дали е дел од разговорите за разликите за името.

## II КРАТКА ИСТОРИЈА НА СПОРОТ

### II.1. Почеток на спорот и времената спогодба

Спорот за името Македонија станува видлив (актуелен) по независноста на Република Македонија во 1991 г. кога Грција се спротивставува на употребата на името Македонија од страна на Република Македонија, повикувајќи се на историски и територијални причини. Грција тогаш смета дека има ексклузивно право да го употребува името за својата провинција Македонија и нејзините жители.

Иако Македонија, според Арбитражната комисија за поранешна Југославија, ги исполни условите за признавање на независноста (заедно со Словенија), Грција го блокира признавањето од страна на Европската Унија (ЕУ), како и приемот во Организацијата на Обединетите нации (ООН). На 27 јуни 1992 г., ЕУ (тогаш ЕЕЗ) под влијание на Грција во т.н. Лисабонска декларација понудила признавање „под име кои нема да го содржи зборот Македонија“. Покрај тоа, Грција во периодот 1992-1995 г. на двапати ја блокира грчко-македонската граница за каква било трговија, со цел да се изврши притисок врз Република Македонија. Во декември 1992 г. ООН воспостави, меѓу другите земји на поранешна Југославија и во Македонија, превентивна безбедносна мисија УНПРОФОР, која во 1995 г. е заменета со УНПРЕДЕП, која мандатот го завршува во 1999 г.

Грција изразила загриженост дека членовите 3 и 49 од Уставот на Македонија поттикнуваат територијални претензии. Со цел да се намали загриженоста од можни територијални претензии, на 6 јануари 1992 г. Собранието на Македонија ги донесува амандманите I и II на Уставот со кои се изменуваат и дополнуваат членовите 3 и 49. На 7 април 1993 г., Советот за безбедност на ООН со Резолуцијата 817 одобри прием на Македонија во Обединетите нации, со препорака за државата да се употребува привремена референца „поранешната Југословенска Република Македонија“ за сите цели во рамките на ООН, сѐ до решавањето на разликите околу името. Генералното собрание со Резолуцијата 225 на 8 април 1993 г. ја прими Македонија како 181 членка на ООН. Привремената референца која е одраз на минатото на Македонија, започнува со мали букви, бидејќи не е име, туку описен поим и референцата не е меѓународно име, туку е во употреба само во ООН. За да се потврди тоа Македонија добива место за седење во ООН по буквата „т“ од „the former ...“.

На 18 јуни 1993 г. Советот за безбедност донесува Резолуцијата 845 со која се бара забрзување на решавањето на разликите, а генералниот секретар го именува Сајрус Венс за специјален претставник до 1995 г., од 1995 г. до денес оваа функција ја има Метју Нимиц.

На 13 септември 1995 г. Грција и Македонија склучија Времена спогодба, со која двете страни се согласуваат: Македонија да гарантира дека во преамбулата и во членовите 3 и 49 од Уставот нема територијални претензии и да го смени националното знаме (со сонцето од Вергина), Грција да не го блокира приемот на Македонија во меѓународни организации, а страните да ги продолжат разговорите за разликите под покровителство на ООН.

Од 1995 г. до 2008 г. посредникот Метју Нимиц предлага повеќе можни решенија кои се неприфатливи за една од двете страни.

## II.2. Непоканувањето во НАТО и непочнување преговори за членство во ЕУ

На 3 април 2008 г. на Самитот на Северноатлантската алијанса (НАТО) во Букурешт, Македонија не доби покана за членство, иако е поддржана од САД, поради неможноста да се најде решение за спорот за името.

Есента 2008 г., Македонија започна процес пред Меѓународниот суд на правдата за кршење на обврските од Времената спогодба од страна на Грција, односно за наводно блокирање на приемот на Македонија во НАТО. Одлуката на судот се очекува во 2011/12 година.

Во 2009 г. Македонија од ЕК доби препорака за отворање преговори за членство во ЕУ, но истовремено се бара „договорено и взаемно прифатливо решение за прашањето на името, под покровителство на ООН, останува есенцијално“. За Македонија во 2009 и 2010 г. не се одредува датум за отворање на преговорите.

## II.3. Сегашна состојба во спорот, позициите на Грција и Македонија

Македонија е примена под времената референца во сите меѓународни организации. Над 130 земји ја признаваат Македонија како „Република Македонија“, вклучувајќи и четири од пет постојани членки на ООН (со исклучок на Франција), а многу држави не ја употребуваат времената референца, додека еден дел немаат позиција/ интерес за ова прашање.

Оттука произлегува дека **постоечката позиција** е времена референца за меѓународните организации, а во меѓувладините службени билатерални односи повеќе земји го прифаќаат името Република Македонија, а дел ја користат времената референца.

Во разговорите водени под покровителство на ООН со посредништво на Метју Нимиц, повеќепати се разговарани различни можни решенија, но без успех. Според неформални извори, **последниот предлог од 2008 г.** е Република Македонија да остане службено име во Уставот (на македонски јазик), името на земјата во сите меѓународни организации (т.е. ОН, ЕУ, НАТО) да биде „Република Северна Македонија“; Советот за безбедност да предложи во меѓувладините службени односи со трети земји да се употребува името „Република Северна Македонија“. Името „Македонија“ само по себе не може да се користи од која било од двете страни како службено име на земјата или регионот, двете страни на неексклузивна основа за неслужбени цели може да употребуваат „Македонија“ и „македонски“. На пасошите се испишани двете имиња: Република Северна Македонија на англиски и француски јазик и Република Македонија на македонски јазик. Овој предлог може да се толкува како предлог кој натежнува кон **име за меѓународна употреба**. Натежнува, бидејќи покрај во меѓународните организации треба да се употребува и во билатералните односи, но иако Советот за безбедност може да препорача примена во билатералните односи, секоја земја има суверено право да одлучи под кое име ќе воспостави дипломатски односи[1].

Во 2009/11 година со повеќе средби на премиерите на Грција и на Македонија, Папандреу и Груевски, се прават напори за доближување на ставовите на двете земји околу разликите за името.

**Позицијата на Грција** од „едно име кое нема да го содржи зборот Македонија“ за сите употреби, еволуира во „едно име кое ќе го содржи зборот Македонија и географска одредница“ за сите употреби. Позицијата „erga omnes“ или за сите употреби се употребува двозначно за „сите меѓународни употреби“, вклучувајќи го пасошот, или пак за „сите употреби“, вклучувајќи внатрешна употреба. Грција во неколку прилики го одбила предлогот Република Македонија (Скопје) за меѓународна употреба.

**Позицијата на Македонија** за спорот е решение кое нема да го промени Уставот на Македонија со цел промена на уставното име и нема да го загрози македонскиот национален идентитет, засебноста на македонската нација и македонскиот јазик и граѓаните (со мнозинство) да се согласат со можното решение на референдум.

---

[1] Таков е примерот со Тајван, кој воспоставува дипломатски односи само под името Република Кина.

# III РЕШЕНИЕ ЗА СПОРОТ

## III.1. Опсег на употреба на името

Во делот за решенија за спорот истражувани се ставовите на граѓаните за елементите на решението: прифатливо име и опсег на употреба; географска одредница; именување на нацијата и јазикот; како и времето на влегување во сила на евентуалниот договор.

За истражувањето на ставовите за прифатливо решение на спорот, од граѓаните е побарано да изберат две најприфатливи и едно целосно неприфатливо решение од можни **пет решенија.** Можните решенија се однесуваат на **опсегот на употребата** на компромисното име и се движат од една до друга крајна позиција, односно од позицијата на Грција „прифаќање **ново име** (со географска одредница) **за сите употреби**“ до позицијата „Македонија не треба да прифати **никакви промени**“.

Табела 1. Преглед на употребени формулации за решенија за името

| Скратена формулација во извештајот | Формулација употребена во анкетата |
|---|---|
| **1. Ново име за сите употреби „ерга омнес“** | Решение за спорот е прифаќање ново име за сите употреби. |
| **2. Договорено име за (севкупна) меѓународна употреба** | Решение за спорот за името е употреба на договорено име во сите меѓународни комуникации, додека Република Македонија би било само за домашна употреба. |
| **3. Договорено име во меѓународните организации** | Решение за спорот за името е употреба на договорено име во меѓународните организации (ОН, НАТО, ЕУ и др.), додека другите земји би не ословувале по сопствен избор и договор. |
| **4. „Двојна формула“** | Решение за спорот е употреба на името Република Македонија во домашна и меѓународна комуникација, а Грција може да употребува друго име. |
| **5. Никаква промена** | Македонија не треба да прифати никаква промена. |

„Двојната формула“ или „ирска формула“ според РобиНО е заснована на решението помеѓу Ирска и Велика Британија, според кое Ирска може да ја нарекува Велика Британија поинаку од службеното име. Меѓу позицијата на „ерга омнес“ и на „двојната формула“ се уште две решенија, договорено име во меѓународните организации или за севкупна меѓународна употреба. Договорено име за меѓународните организации кореспондира со сегашната позиција на употреба на времената референца и оваа опција всушност би значела промена на времената референца со трајно име. Секако, можни се различни варијации на овие две решенија. Двојната формула, вообичаено, како и во овој извештај ексклузивно се поврзува со едно решение. Во поширока смисла надвор од никаква промена и ново име за сите употреби, **сите решенија се двојни формули со различен опсег** – Република Македонија во внатрешна употреба и новото име во различен опсег на меѓународна употреба – од само за Грција, до сите.

Во табелата 2 се претставени ставовите на граѓаните за прво и второ најдобро и најмалку прифатливо решение во (декември) 2010 и (септември) 2011 г.

Табела 2. Прво и второ најдобро и најмалку прифатливо решение, 2010 и 2011 г.

| | Прво најдобро | | Второ најдобро | | Најмалку прифатливо | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 |
| **Ново име за сите употреби „ерга омнес“** | 10,5 % | 7,5 % | 10,2 % | 9,6 % | **26,9 %** | **29,0 %** |
| **Договорено име за меѓународна употреба** | 2,9 % | 5,1 % | 3,7 % | 7,8 % | 25,2 % | 20,8 % |
| **Договорено име во меѓународните организации** | 12,3 % | 19,2 % | 11,0 % | 21,3 % | 7,6 % | 15,7 % |
| **„Двојна формула“** | 25,0 % | 20,8 % | **31,9 %** | **30,7 %** | 7,4 % | 9,7 % |
| **Никаква промена** | **48,4 %** | **45,3 %** | 16,1 % | 20,1 % | 15,7 % | 15,6 % |
| **НЗ/БО** | 1,0 % | 2,0 % | 27,0 % | 10,5 % | 17,1 % | 9,6 % |
| **Вкупно** | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % |

Скоро **еден од двајца граѓани е против каква било промена**, еден од пет би ја прифатил „двојната формула“ и еден од три би прифатил едно од три други решенија. Никаква промена и „двојната формула“ заедно чинат **66,1 % или два од три граѓани** (двотретинско мнозинство). Најмалку прифатливи се решенијата за ново име за сите употреби или договорено име за меѓународна употреба. За 15,7 % од граѓаните е неприфатливо Македонија да не прифати никаква промена.

**Во однос на ставовите од 2010 г. нема значителни промени**, има мало намалување на „никаква промена“ и „двојна формула“ и мал пораст на поддршката на „договорено име во меѓународните организации“.

Во 2010 г., постоеја разлики на етничка основа, без позначителни разлики по партиска основа, а **во 2011 г. се намалуваат етничките разлики**. За мнозинството (57 %) етнички Македонци најдобро решение е „никаква промена“, додека кај етничките Албанци ставовите се поразновидни, а најмногу поддршка (28,3 %) има договорено име во меѓународните организации. За етничките Македонци ново име за сите употреби е најмалку прифатлив избор, а за етничките Албанци најмалку прифатлив избор е никаква промена.

Табела 3. Ставовите за решение на спорот, според етничка припадност

| | Прво најдобро | | Второ најдобро | | Најмалку прифатливо | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Став** | Ет. Мак. | Ет. Алб. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | Ет. Мак. | Ет. Алб. |
| **Ново име за сите употреби** | 4,8 % | 12,3 % | 8,7 % | 21,5 % | **34,4 %** | 17,1 % |
| **Договорено име за меѓународна употреба** | 2,4 % | 11,3 % | 5,4 % | 14,3 % | 19,6 % | 22,9 % |
| **Договорено име во меѓународните организации** | 15,1 % | **28,3 %** | 17,7 % | **29,0 %** | 16,5 % | 11,9 % |
| **„Двојна формула“** | 19,4 % | 25,6 % | **35,8 %** | 20,5 % | 7,7 % | 11,9 % |
| **Никаква промена** | **57,0 %** | 19,8 % | 19,2 % | 21,5 % | 10,2 % | **31,1 %** |
| **Без одговор** | 1,4 % | 2,7 % | 13,1 % | 4,1 % | 11,5 % | 5,1 % |
| **Вкупно** | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % |

Кај етничките Македонци и понатаму е висока поддршката за никаква промена/ двојна формула (збир 76,4 %), со мал пораст на поддршката за договорено име во меѓународните организации (7,1 % во 2010 на 15,1 % во 2011 г.). **Етничките Албанци се приближуваат кон ставовите на Македонците**. Мал пораст бележи поддршката на никаква промена (од 13,9 % во 2010 на 19,8 % во 2011 г.) и поголем пораст на двојната формула (од 15,8 % во 2010 на 25,6 % во 2011 г.) или вкупно никаква промена/ двојна формула расте од 29,7 % во 2010 г. на 45,4 % во 2011 г.. Претходниот раст е на сметка на намалувањето на поддршка за ново име за сите употреби (од 31,3 % во 2010 на 12,3 % во 2011 г.).

Во табелата 4 се прикажани ставовите меѓу симпатизерите на политички партии.

Табела 4. Ставовите за прв најдобар избор кај симпатизерите на политички партии

| Најприфатлив став | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симпат. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ново име за сите употреби** | 4,0 % | 6,9 % | 13,8 % | 17,0 % | 6,8 % |
| **Договорено име за меѓународна употреба** | 2,5 % | 1,0 % | 8,5 % | 8,5 % | 5,2 % |
| **Договорено име во меѓународните организации** | 12,5 % | 27,7 % | **31,9 %** | **27,7 %** | 16,8 % |
| **„Двојна формула“** | 16,0 % | 17,8 % | 26,6 % | 19,1 % | 22,2 % |
| **Никаква промена** | **63,5 %** | **44,6 %** | 17,0 % | 25,5 % | **46,6 %** |
| **Без одговор** | 1,5 % | 2,0 % | 2,1 % | 2,1 % | 2,4 % |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

Во основа ставовите на симпатизерите на политички партии ги следат ставовите на граѓаните по етничка припадност. Симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, на СДСМ, како и граѓаните кои не се симпатизери на политички партии се одлучиле за „никакви промени“ како прв најдобар избор кој ги одразува нивните ставови. Кај симпатизерите на СДСМ расте

поддршката за договорено име во меѓународните организации (од 9,7 % во 2010 на 27,7 % во 2011 г.), на сметка на помалата поддршка на двојната формула и никаква промена (од 53,5 % во 2010 г. на 44,6 % во 2011 г.)

Слично е во случајот на најмалку прифатливи начини на решавање, презентиран подолу, каде нема позначајни промени од 2010 г.

Табела 5. Ставовите за најмалку прифатлив избор кај симпатизерите на политички партии

| Најмалку прифатлив став | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симпат. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ново име за сите употреби** | **37,5%** | **34,7%** | 16,0% | **25,5%** | **28,6%** |
| **Договорено име за меѓународна употреба** | 17,5% | 15,8% | 23,4% | **25,5%** | 19,9% |
| **Договорено име во меѓународните организации** | 17,0% | 21,8% | 4,3% | 12,8% | 16,8% |
| **„Двојна формула“** | 6,5% | 6,9% | 10,6% | 12,8% | 10,1% |
| **Никаква промена** | 8,5% | 8,9% | **37,2%** | 19,1% | 15,8% |
| **Не знам/без одговор** | 13,0% | 11,9% | 8,5% | 4,3% | 8,8% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

## III.2. Прифатливост на географски одредници

Граѓаните беа прашани за прифатливоста на географските одредници, и тоа за најчесто спомонуваните: северна, вардарска и горна, како и за Скопје и централна балканска. Исто така граѓаните се прашани за местото на одредницата во можното решение за името.

**За најмногу граѓани** (44,6 %) **не е прифатлива ниту една** од понудените географски одредници, што е поврзано со ставот за никакви промени.

Графикон 1. Најприфатлива географска одредница за постигнување заемно прифатливо решение




Во однос на ставовите се повторуваат разликите на етничка и партиска основа, како и на погорните прашања.

Табела 6. Најприфатлива географска одредница за постигнување заемно прифатливо решение по етничка припадност и симпатизерство на политички партии

| | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Северна** | 20,3 % | 16,5 % | **25,8 %** | 14,3 % | 22,7 % | **24,3 %** | **28,6 %** | 19,5 % |
| **Горна** | 7,1 % | 6,2 % | 10,6 % | 4,8 % | 9,1 % | 9,7 % | 10,2 % | 6,0 % |
| **Вардарска/ Вардар** | 7,4 % | 5,6 % | 12,5 % | 4,3 % | 10,0 % | 10,7 % | 14,3 % | 7,3 % |
| **Централна Балканска** | 5,9 % | 3,8 % | 9,7 % | 4,8 % | 5,5 % | 7,8 % | 10,2 % | 5,9 % |
| **Скопје** | 10,2 % | 5,6 % | 21,0 % | 5,2 % | 3,6 % | 21,4 % | 22,4 % | 9,1 % |
| **Ниту една** | **44,6 %** | **58,3 %** | 14,3 % | **64,3 %** | **45,5 %** | 17,5 % | 14,3 % | **47,4 %** |
| **НЗ/ БО** | 4,5 % | 3,8 % | 6,1 % | 2,4 % | 3,6 % | 8,7 % | ,0 % | 4,8 % |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

Ставовите за местото на географската одредница во можното заемно прифатливо решение се прикажани подолу.

Графикон 2. Најприфатлива варијанта за постигнување заемно прифатливо **решение**




Табела 7. Најприфатлива варијанта за постигнување заемно прифатливо решение по етничка припадност и симпатизерство на политички партии

| | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниту една не е прифатлива** | **48,3 %** | **60,0 %** | 20,8 % | **66,0 %** | **49,5 %** | 21,3 % | 23,4 % | **50,1 %** |
| **Со придавка пред Република Македонија, пр. Северна Република Македонија** | 17,4 % | 10,5 % | **32,1 %** | 13,0 % | 17,8 % | **27,7 %** | **38,3 %** | 14,7 % |
| **Со додавка по Република Македонија, пр. Република Македонија (Северна)** | 14,3 % | 15,1 % | 13,7 % | 8,5 % | 13,9 % | 17,0 % | 17,0 % | 15,4 % |
| **Со придавка по Република, а пред Македонија, пр. Република Северна Македонија** | 14,3 % | 10,0 % | 23,9 % | 8,5 % | 11,9 % | 21,3 % | 19,1 % | 14,9 % |
| **НЗ/ БО** | 5,7 % | 4,4 % | 9,6 % | 4,0 % | 6,9 % | 12,8 % | 2,1 % | 4,9 % |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

По ставовите за опсегот и употреба на географска одредница на можното заемно прифатливо решение, истражувани се ставовите за дефинирање на националноста и јазикот.

## III.3. Прифатливост на (до)дефинирање на националност и јазик

Во графиконот 3 е прикажан ставот на граѓаните за прифаќање националноста/ државјанството да биде дефинирана во ООН, на пример како „граѓани на Република Северна Македонија“.

Графикон 3. Дали би прифатиле националноста/ државјанството во ООН да биде дефинирано**,** на пример како „граѓани на Република Северна Македонија“?




Големо мнозинство граѓани не прифаќа националноста/ државјанството во ООН да биде дефинирано, на пример како „граѓани на Република Северна Македонија“.

Меѓу етничките Македонци и Албанци постојат разлики во ставовите за ова прашање.

Табела 8. Прифатливост на „граѓани на Република Северна Македонија" и сл. дефинирана националност/ државјанство во ООН по етничка припадност и симпатизерство на пол. партии

| | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 22,9 % | 10,0% | **52,2%** | 6,5% | 15,8% | **57,4%** | 44,7% | 21,8% |
| **Не** | **69,4 %** | **86,6%** | 29,0% | **91,5%** | **81,2%** | 21,3% | **46,8%** | **69,8%** |
| **НЗ/ БО** | 7,7 % | 3,5% | 18,8% | 2,0% | 3,0% | 21,3% | 8,5% | 8,3% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Во графиконот 4 е прикажан ставот на граѓаните за прифаќање на додефинирање на јазикот во заграда, на пример како македонски јазик (официјален јазик на Република Северна Македонија).

Графикон 4. Дали би прифатиле македонскиот јазик да биде додефиниран во заграда, на пример како „официјален јазик на Република Северна Македонија"?




**Големо мнозинство граѓани не прифаќа** додефинирање на јазикот во заграда, на пример како македонски јазик (официјален јазик на Република Северна Македонија) и тоа е став на големо мнозинство етнички Македонци и најмногу етнички Албанци.

Табела 9. Прифатливост на додефинирање на јазикот во заграда по етничка припадност и симпатизерство на политички партии

| | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 17,8 % | 8,3% | 35,8% | 5,5% | 11,9% | **41,5%** | 38,3% | 16,6% |
| **Не** | **74,0 %** | **87,0%** | **46,1%** | **91,5%** | **85,1%** | 37,2% | **55,3%** | **74,9%** |
| **НЗ/ БО** | 8,2 % | 4,7% | 18,1% | 3,0% | 3,0% | 21,3% | 6,4% | 8,5% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Дополнителен елемент на можното заемно прифатливо решение е времето на стапување во сила, каде граѓаните се прашани за нивниот став меѓу никогаш, веднаш и одложено во моментот на станување членка на ЕУ. Ставовите се прикажани во графиконот 5.

## III.4. Време на стапување во сила на можниот договор

Графикон 5. Најсоодветен момент да стапи во сила заемно прифатеното решение



Секој четврти граѓанин е за одложено стапување во сила на договорот, во моментот кога ќе станеме членка на ЕУ, за да нема нови условувања. Во ставовите се повторуваат етничките разлики.

Табела 10. Најсоодветен момент да стапи во сила заемно прифатеното решение по етничка припадност и симпатизерство на политички партии

| | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Никогаш, не ми е прифатлива промена на името** | **37,8 %** | **50,2 %** | 11,3 % | **54,5 %** | **42,6 %** | 11,7 % | 12,8 % | **39,0 %** |
| **Веднаш по договорот, независно од интеграциите во НАТО И ЕУ** | 31,6 % | 19,2 % | **59,0 %** | 19,0 % | 25,7 % | **56,4 %** | **53,2 %** | 28,6 % |
| **Одложено, во моментот кога ќе станеме членка на ЕУ за да нема нови условувања** | 23,2 % | 23,9 % | 19,8 % | 21,0 % | 26,7 % | 16,0 % | 21,3 % | 25,3 % |
| **НЗ/ БО** | 7,4 % | 6,6 % | 9,9 % | 5,5 % | 5,0 % | 16,0 % | 12,8 % | 7,1 % |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

## IV ОДГОВОРНОСТ ЗА РЕШЕНИЕ

Понатаму е истражувано кого граѓаните го сметаат одговорен за одлука во однос на можно заемно прифатливо решение и какви се нивните очекувања во врска со одлуката на Меѓународниот суд на правдата.

Граѓаните, прашани кој е одговорен за решение на спорот, односно доколку се намалат разликите, кој треба да ја донесе одлуката, сметаат дека тоа се граѓаните на референдум.

Графикон 6. Ставови на граѓаните за тоа кој треба да ја донесе одлуката за името




Поддршката за референдум е во пораст (од 54,4 % во 2010 г. на 64,0 % во 2011 г.). **Референдумот е поддржан од сите социо-демографски групи.**

Табела 11. Ставови на граѓани за тоа кој треба да ја донесе одлуката за името по етничка и **по** партиска основа

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Граѓаните преку референдум** | **64,0 %** | **69,4 %** | **49,5 %** | **75,0 %** | **59,4 %** | **53,2 %** | **46,8 %** | **63,6 %** |
| **Владата на Република Македонија** | 19,5 % | 18,5 % | 21,8 % | 14,0 % | 21,8 % | 24,5 % | 17,0 % | 21,0 % |
| **Претседателот на Република Македонија во договор со лидерите на политичките партии** | 12,5 % | 8,3 % | 24,2 % | 8,0 % | 17,8 % | 17,0 % | 31,9 % | 10,6 % |
| **Не знам/ без одговор** | 3,9 % | 3,7 % | 4,4 % | 3,0 % | 1,0 % | 5,3 % | 4,3 % | 4,9 % |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

Поддршката за референдум е **зголемена меѓу сите етнички групи**, а кај етничките Албанци е зголемена од 34,0 % во 2010 г., на 49,5 % во 2011 г.

## V ОДЛУКА НА МЕЃУНАРОДНИОТ СУД ЗА ПРАВДА

Во Меѓународниот суд се одвива спор меѓу Македонија и Грција за кршење на Привремената спогодба поради наводното вето за прием во НАТО. Судот треба да донесе одлука наскоро.

Најмногу граѓани очекуваат Македонија да ја добие пресудата во сопствена корист.

Графикон 7. Очекувања од одлуката на Меѓународниот суд на правдата




Ваквото очекување е споделено од сите социо-демографски групи, меѓу другото во пресуда во корист на Македонија веруваат 34,0 % етнички Македонци и 42,7 % етнички Албанци.

## VI ПРИОРИТЕТИ И РЕАКЦИИ ВО ОДНОС НА МОЖНОТО РЕШЕНИЕ

Граѓаните се прашани за нивните приоритети во однос на името, временски очекувања за постигнување решение, нивната реакција на можно решение, како и нивните стравови од можно (не)решение.

Граѓаните беа прашани за нивниот став при еднаква важност меѓу Македонија (името) и евроатлантските интеграции (НАТО, ЕУ), што е поважно за нив „зачувувањето на името и по цена тоа доведе до застој на евроатлантските интеграциите и да го намали економскиот развој“ или „евроатлантските интеграции (НАТО, ЕУ), за да се обезбеди перспективата на државата, дури и ако треба да се прифати компромис со Грција, кој не го загрозува македонскиот идентитет, културата и јазикот“.

**Граѓаните се поделени во ставовите што им е поважно при еднакво важност на зачувување на името и ЕУ/НАТО**, со одреден број граѓани кои не се согласуваат со ниту една од двете изјави.

Графикон 8. НАТО/ЕУ или зачувување на името на Република Македонија



Околу ова прашање се јавуваат и етнички и партиски разлики.

Табела 12. НАТО/ЕУ или зачувување на името на Република Македонија по етничка припадност и симпатизерство на политичка партија

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕУ и НАТО се поважни и по цена на компромис** | **40,5 %** | 35,0 % | **53,2 %** | 30,5 % | **40,6 %** | **54,3 %** | **63,8 %** | **39,3** % |
| **Зачувување на име и по цена на застој на евроатлантските интеграции** | 39,6 % | **43,6 %** | 31,1 % | **51,5 %** | 34,7 % | 34,0 % | 27,7 % | 38,3 % |
| **Не се согласувам со ниту една од наведените изјави** | 16,1 % | 17,6 % | 11,6 % | 15,0 % | 17,8 % | 8,5 % | 4,3 % | 18,4 % |
| **Не знам/ без одговор** | 3,9 % | 3,9 % | 4,1 % | 3,0 % | 6,9 % | 3,2 % | 4,3 % | 4,0 % |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

За најмногу етнички Македонци и симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ поважно е името, додека за најмногу етнички Албанци и симпатизери на СДСМ поважни се евроатлантските интеграции.

Меѓу граѓаните кои се изјасниле дека им е поважно зачувување на името, најмногу има граѓани кои на прашањето за решение се определиле за никаква промена (57,2 %), како и граѓани кои се определиле за двојната формула и за договорено име во меѓународни организации. Меѓу граѓаните кои се за евроатлантските интеграции има подеднакво граѓани кои се за двојната формула (28,8 %), за никаква промена (27,4 %) и за договорено име во меѓународни организации (27,4 %).

Табела 13. Вкрстени ставови за НАТО/ЕУ или зачувување на името на Република Македонија со најприфатливо решение

| Ставови | Зачувување на име и по цена на застој | ЕУ и НАТО поважни и по цена на компромис | Не се согласувам со ниту една | НЗ/ БО | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Договорено име во меѓународните орг.** | 16,4% | 26,3% | 9,1% | 14,3% | 19,2% |
| **„Двојна формула“** | 18,1% | **28,8%** | 8,6% | 16,7% | 20,8% |
| **Никаква промена** | **57,2%** | 27,4% | **60,0%** | **50,0%** | **45,3%** |
| **Ново име за сите употреби** | 5,1% | 10,2% | 6,9% | 7,1% | 7,5% |
| **Договорено име за меѓународна употреба** | 1,4% | 7,0% | 9,7% | 4,8% | 5,1% |
| **Не знам/ НО** | 1,9% | ,2% | 5,7% | 7,1% | 2,0% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Во графиконот 9 се прикажани одговорите на граѓаните за колку време сакаат да се реши спорот, односно за колку време мислат дека ќе се реши спорот.

Мнозинството граѓани сакаат решение за една година (2011/2012 г.), а една четвртина (26,6%) за неодредено време.

Графикон 9. Лична желба и очекување за решение на спорот со името



Нема разлики по етничка или партиска припадност.

**Од друга страна, граѓаните очекуваат** решение за две до пет години **(33,4 %). Секој четврти смета дека ќе има решение за една година,** но и секој четврти мисли дека спорот **никогаш нема да се реши.** Етничките Албанци се пооптимисти од етничките Македонци, во однос на временската рамка.

Табела 14. Очекување за решение на спорот со името по етничка припадност и симпатизерство на политичка партија

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **За една година** | 26,9 % | 20,2% | **43,0%** | 22,5% | 16,8% | **47,9%** | **40,4%** | 25,1% |
| **За две до пет години** | **33,4 %** | **35,7%** | 29,4% | **38,0%** | **46,5%** | 28,7% | 38,3% | **31,5%** |
| **За шест до 10 години** | 15,5 % | 13,6% | 17,1% | 12,5% | 14,9% | 17,0% | 12,8% | 16,3% |
| **Никогаш** | 24,2 % | 30,6% | 10,6% | 27,0% | 21,8% | 6,4% | 8,5% | 27,0% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Како би одлучиле граѓаните на можен референдум е претставено во графиконот 10.

Графикон 10. Согласност на референдум со: Промена на името во Централна Балканска Република Македонија, за севкупна меѓународна и билатерална употреба?




**Мнозинство од граѓаните (58,4 %) на референдум би гласало „не“** за Централна Балканска Република Македонија за севкупна меѓународна и билатерална употреба.

Со „не“ би гласало големо мнозинство (74,3 %) етнички Македонци, **како и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ.**

Табела 15. Согласност (на референдум) за промена на името по етничка припадност и симпатизерство на политичка партија

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 19,5 % | 7,2% | **48,8%** | 4,5% | 16,8% | **41,5%** | **51,1%** | 18,0% |
| **Не** | **58,4 %** | **74,3%** | 19,1% | **80,0%** | **69,3%** | 19,1% | 29,8% | **58,6%** |
| **Нема да гласам** | 22,0 % | 18,5% | 32,1% | 15,5% | 13,9% | 39,4% | 19,1% | 23,4% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Во табелата 16 се прикажани вкрстени ставови на граѓаните од кои се согледува дека мнозинство на граѓаните кои на прашањето за решени се определиле за никаква промена и двојната формула би гласале „не“ на референдум, повеќето кои се определиле за договорено име за меѓународна употреба би гласале „да“, а најмногу од граѓаните кои одговориле не знам или без одговор не би гласале на можен референдум.

Табела 16. Вкрстени ставови: изјаснување на референдум со најприфатливо решение

| Став | Договорено име во меѓунар. орг. | „Двојна формула“ | Никаква промена | Ново име за сите употреби | Договорено име за меѓунар. употреба | НЗ/БО | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 29,7% | 26,4% | 7,3% | 40,2% | **35,7%** | 9,1% | 19,5% |
| **Не** | **39,2%** | **52,9%** | **74,1%** | **51,2%** | 30,4% | **45,5%** | **58,4%** |
| **Нема да гласам** | 31,1% | 20,7% | 18,6% | 8,5% | 33,9% | **45,5%** | 22,0% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Во графиконот 11 се претставени можните реакции на граѓаните на можен договор поддржан од големите политички партии и на спроведување референдум.

Најмногу граѓани (39,9 %) не би учествувале во никакви активности.

Графикон 11. Доколку големите партии го поддржат евентуалниот договор и се спроведе референдум, дали би учествувале во




Збирно 22 % граѓани би учествувале во протести против можен договор, од кои 6,6 % би учествувале во саморганизирано граѓанско насилство.

Табела 17. Учество во партиски активности за референдум по етничка основа и симпатизерство на политичка партија

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Не би учествувал во никакви активности** | **39,9 %** | **39,4%** | **41,3%** | **31,0%** | **51,5%** | **55,3%** | **31,9%** | **39,3%** |
| **И така и така** | 18,3 % | 20,1% | 14,0% | 23,5% | 19,8% | 12,8% | 14,9% | 17,9% |
| **Самоорганизирани протести и др. ПРОТИВ договорот** | 15,4 % | 17,8% | 10,2% | 18,0% | 6,9% | 3,2% | 17,0% | 18,4% |
| **Кампањи и мирни собири ЗА договорот** | 13,9 % | 9,5% | 25,9% | 14,0% | 8,9% | 21,3% | 21,3% | 12,5% |
| **Самоорганизирано граѓанско насилство за одбрана на името** | 6,6 % | 7,1% | 4,4% | 8,0% | 6,9% | 2,1% | 6,4% | 6,1% |
| **Не знам/ без одговор** | 5,9 % | 6,1% | 4,1% | 5,5% | 5,9% | 5,3% | 8,5% | 5,9% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Доколку не се реши спорот, 38,4 % од граѓаните мислат дека ќе има застој во евроатлантските интеграции, а 31,7 % дека ќе има економски застој.

Графикон 12. Главни закани/ ризици ако не се реши спорот




Ставовите за ризиците ако не се реши спорот се споделени по етничка и партиска припадност. Значајно е дека малцинство етнички Македонци и етнички Албанци мислат дека ќе се влошат меѓуетничките односи.

Табела 18. Главни закани/ ризици ако не се реши спорот по етничка основа и симпатизерство на политичка партија

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Застој во евроатлантските интеграции (ЕУ, НАТО)** | **38,4 %** | **36,4%** | **44,7%** | 33,5% | 32,7% | **52,1%** | **42,6%** | **38,5%** |
| **Економски застој** | 31,7 % | 32,2% | 30,4% | **34,0%** | **41,6%** | 27,7% | 31,9% | 31,0% |
| **Влошување на меѓуетнички односи** | 13,8 % | 11,2% | 17,7% | 11,0% | 10,9% | 12,8% | 19,1% | 13,7% |
| **Нема ризици** | 8,5 % | 11,9% | 1,4% | 15,0% | 8,9% | 4,3% | 2,1% | 7,5% |
| **Друго** | 3,4 % | 4,0% | 1,4% | 2,0% | 3,0% | 2,1% | 2,1% | 4,2% |
| **Не знам/ без одговор** | 4,2 % | 4,3% | 4,4% | 4,5% | 3,0% | 1,1% | 2,1% | 5,2% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Ставовите за главни закани ако не се реши спорот се споделени меѓу граѓаните кои имаат различни ставови за решавањето за спорот. Така застој во интеграциите е главна закана и за граѓаните кои се за никаква промена и за другите.

Доколку се реши спорот, 40,4 % од граѓаните стравуваат од нови барања на Грција сè до уништување на македонскиот идентитет, а 20,1 % стравуваат од внатрешен раскол.

Графикон 13. Главни закани/ ризици **ако** се реши спорот со договор со Грција



Табела 19. Главни закани/ ризици ако се реши спорот со договор со Грција по етничка основа и симпатизерство на политичка партија

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕУ нема да не прими бидејќи не сакаат нови членови од Балканот** | 6,8 % | 6,4% | 7,8% | 5,5% | 11,9% | 4,3% | 8,5% | 6,6% |
| **Нема ризици** | 15,5 % | 11,8% | 25,9% | 12,0% | 11,9% | **25,5%** | 23,4% | 15,4% |
| **Ќе има раскол, тензии и судири на предавници и патриоти** | 20,1 % | 21,7% | 15,0% | 24,0% | 14,9% | 16,0% | 14,9% | 21,0% |
| **Грција ќе бара нови отстапки во идентитетот и јазикот дури не го уништи македонскиот идентитет** | **40,4 %** | **45,6%** | **26,3%** | **44,5%** | **49,5%** | 22,3% | **25,5%** | **41,8%** |
| **Друго** | 6,5 % | 5,9% | 8,5% | 7,5% | 2,0% | 8,5% | 17,0% | 5,0% |
| **Не знам/ без одговор** | 10,7 % | 8,6% | 16,4% | 6,5% | 9,9% | 23,4% | 10,6% | 10,2% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Граѓаните за кои најприфатливо решение е никаква промена, ако се реши спорот како главна закана ги гледаат новите отстапки и расколот. Ставот за закана од нови отстапки е споделен меѓу повеќето граѓани.

Табела 20. Вкрстени ставови**:** најприфатливо решение со главни закани ако се реши спорот

| Ставови | Договорено име во меѓунар. орг. | „Двојна формула" | Никаква промена | Ново име за сите употреби | Договорено име за меѓунар. употреба | НЗ/ БО | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нови отстапки** | **39,7%** | **34,4%** | **45,3%** | **37,8%** | **30,4%** | 31,8% | **40,4%** |
| **ЕУ нема да не прими** | 6,7% | 8,8% | 5,7% | 8,5% | 7,1% | 4,5% | 6,8% |
| **Раскол, тензии и судири** | 18,7% | 17,6% | 22,9% | 22,0% | 14,3% | 4,5% | 20,1% |
| **Друго** | 9,6% | 7,5% | 5,1% | 7,3% | 5,4% | | 6,5% |
| **Нема ризици** | 18,2% | 18,9% | 11,7% | 18,3% | 17,9% | 22,7% | 15,5% |
| **НЗ/ БО** | 7,2% | 12,8% | 9,3% | 6,1% | 25,0% | **36,4%** | 10,7% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

# ЗАКЛУЧОЦИ

## Граѓаните и понатаму против каква било промена на името.

Скоро половина граѓани се цврсто против каква било промена на името, односно за прашањето за можно решение се определиле за никаква промена (45,3 %), одговориле дека не прифаќаат ниту една одредница (44,6 % и 48,3 %), имаат став да се зачувува името и по цена на застој (39,6 %), а на можен референдум за име за севкупна меѓународна употреба би гласале со „не“ (58,4 %).

Мнозинтството кое е за никаква промена е поголемо меѓу етничките Македонци (57 % се за никаква промена). Ставовите се малку променети од истражувањето во декември 2010 г.

## Национално обединување околу спорот со името

Во 2010 г., постоеја разлики на етничка основа, без поголеми разлики по партиска основа, а **во 2011 г. се намалуваат етничките разлики**, односно ставовите се приближуваат во насока дека решението е меѓу никаква промена и договорено име за меѓународните организации, со заштита на идентитетот и јазикот и одлука на референдум.

За мнозинството (57 %) етнички Македонци најдобро решение е никаква промена, додека кај етничките Албанци ставовите се подиверзифицирани, а најмногу поддршка (28,3 %) има договорено име во меѓународните организации. Кај етничките Македонци и понатаму е висока поддршката за никаква промена / двојна формула (збир 76,4 %), со мал пораст на поддршката за договорено име во меѓународните организации (7,1 % во 2010 г. на 15,1 % во 2011 г.). **Етничките Албанци се приближуваат кон ставовите на етничките Македонци**. Мал пораст бележи поддршката на никаква промена (од 13,9 % во 2010 г. на 19,8 % во 2011 г.) и поголем пораст на двојната формула (од 15,8 % во 2010 на 25,6 % во 2011 г.) или вкупно никаква промена/ двојна формула расте од 29,7 % во 2010 г., на 45,4 % во 2011 г. Порастот е на сметка на намалувањето на поддршката за ново име за сите употреби (од 31,3 % во 2010, на 12,3 % во 2011 г.).

Граѓаните од **сите етнички и партиски припадности** ја бранат **црвената линија за идентитетот** (против додефинирање на јазикот) и бараат одлука за името на **референдум**.

## Мал прозорец за компромис, веројатно по објавување на одлуката на Меѓународниот суд за правдата, решението можно на средни кон долги патеки

На 40,5 % граѓани важни им се евроатлантските интеграции и мислат дека треба да се прифати компромис со Грција кој нема да го загрози македонскиот идентитет, културата и јазикот.За овие граѓани можни компромиси се „двојна формула“ (20,8 %) и договорено име за меѓународни организации (19,2 %).

Сепак поради одредени **очекувања за правда** во Меѓународниот суд за правдата (36,9 % граѓани очекуваат одлука во корист на Македонија), тешко е да се претпостави дека претходно ќе има промена на јавното мислење во насока на поголема поддршка на компромисот.

Мнозинство граѓани (58 %) сакаат **решение за една година**, но 26,9 % го очекуваат за една година, а повеќето го **очекуваат на средни патеки** (две до пет години – 33,4 %), долги патеки (шест до десет години - 15,5 %) или **никогаш** (24,2 %).

Можниот модел за прифатлив компромис, иако во истражувањето со малцинска поддршка е „Северна Република Македонија“ или „Република Македонија (Скопје)“ како договорено име за употреба во меѓународни организации (ООН, ЕУ и НАТО).

## Идентитетот гранитна црвена линија

Мнозинство граѓани (69,4 %) и големо мнозинство етнички Македонци се против дефинирањето во ООН на националноста/ државјанството, на пример како „граѓани на Република Северна Македонија“.

Големо мнозинство (74 %) граѓани и етнички Македонци (87 %) и повеќето граѓани од сите етнички припадности се против додефинирањето на јазикот во ООН, на пример како македонски јазик (официјален јазик на Република Северна Македонија).

### Консензус дека за името ќе се одлучува на референдум

Мнозинство граѓани (64 %) од сите етнички и партиски припадности бараат одлука за името на **референдум.** Поддршката за референдум е во пораст од декември 2010 г. од 54,4 %, на 64 %, вклучувајќи и пораст на поддршката за референдум меѓу етничките Албанци од 34 % во 2010 г., на 49,5 % во 2011 г.

### На референдум - против договорено име за севкупна меѓународна употреба, секој четврти би се вклучил во активности (протести) против промена на името

Мнозинство граѓани (58,4 %) би гласале против предлогот Централна Балканска Република Македонија за севкупна меѓународна и билатерална употреба.

Околу 60 % граѓани би можеле да учествуваат во активности околу можен референдум. И доколку големите партии постигнат договор, секој четврти граѓанин би учествувал во активности против промена на името, и тоа самоорганизирани мирни протести (15,4 %) или во граѓанско насилство (6,6 %).

### Стравувања од застој, ризикот од нови отстапки и раскол - мотиви за и против решение

Граѓаните имаат стравувања од закани и ризици и во случај на нерешавање и на решавање на спорот за името.

Во случај на нерешавање, граѓаните стравуваат од застој на евроатлантските интеграции и економски застој.

Но граѓаните имаат стравувања од закани и ризици и во случај на решавање на спорот и тоа дека Грција ќе бара нови отстапки во идентитетот и јазикот дури не го уништи македонскиот идентитет (40,4 %) и дека ќе има раскол на предавници и патриоти (21,7 %). Овие две закани се закани по опстанокот на нацијата и веројатно се **главен мотив во одбивање компромис**. И двата страва се засноваат на претходни искуства. Грција на трипати досега (1991/92; 1994/95 и 2008 г.), користи трговски и политички блокади за да изврши притисок за промена на Уставот, знамето итн.

### Двата страва можат да се надминат со одредени решенија

Двата страва од нови отстапки и од раскол може да се надминат.

За стравувањето од нови барања на Грција, бидејќи е тешко да се очекува Грција директно да ја признае македонската нација (идентитет, култура и јазик), можно решение е предлогот од Гералд Кнаус од Европската иницијатива за стабилност (ЕСИ). Решението е можниот договор меѓу Грција и Македонија да стапи во сила на денот на прием на Македонија во ЕУ (во НАТО би била примена под времената референца). На тој начин Грција од кочничар би станала промотор на македонското членство, а Македонија би знаела дека нема да има нови пречки на патот кон ЕУ, без разлика дали тие се поставени од Грција или од земји кои се спротивставуваат на проширувањето (можен референдум во Франција или вета од земји со влијание на екстремната десница).

Второто стравување од раскол може да се надмине со примена на „Рамковен модел“, односно можниот договор со Грција писмено да биде одобрен од сите главни политички партии.

# ПРИЛОГ 1. ПРАШАЛНИК

**П1. Ќе Ви прочитам некои изјави кои се слушаат во јавноста за решавање на проблемот со името.**
1.1. Ве молам изберете изјава, која најдобро го одразуваат Вашиот став.
1.2. Ве молам изберете втора изјава, која најдобро го одразуваат Вашиот став.
1.3. Ве молам изберете изјава која најмалку го одразува Вашиот став
**Изјави:**
1. Решение за спорот за името е употреба на договорено име само во меѓународните организации (ОН, НАТО, ЕУ и др.), додека државите во билатералните односи би не ословувале по сопствен избор и договор [договорено име во меѓународни организации].
2. Решение за спорот е употреба на името Р. Македонија во домашна и меѓународна комуникација, а Грција може да употребува друго име [„двојна формула“].
3. Македонија не треба да прифати никаква промена [никаква промена].
4. Решение за спорот е прифаќање едно ново уставно име за сите употреби [ново име за сите употреби „ерга омнес“].
5. Решение за спорот за името е употреба на договорено име во севкупна меѓународна и билатерална употреба, додека Р. Македонија би било само за домашна употреба [договорено име за севкупна меѓународна употреба].
6. Не знам/ немам одговор.

**П2. Која придавка/ додавка би била најприфатлива за постигнување заемно прифатливо решение (два одговори)?**
1. Северна 2. Горна 3. Вардарска/ Вардар 4. Централна Балканска
5. Скопје 6. Ниту една не е прифатлива 7. Не знам/ немам одговор

**П3. Која варијанта би била најприфатлива за постигнување заемно прифатливо решение:**
1. Со придавка пред Република Македонија, пр. Северна Република Македонија
2. Со придавка по Република, а пред Македонија, пр. Република Северна Македонија
3. Со додавка по Република Македонија, пр. Република Македонија (Северна)
4. Ниту една не е прифатлива
5. Не знам/ немам одговор

**П4. Кога е најсоодветно да стапи во сила заемно прифатеното решение?**
1. Веднаш по договорот, независно од интеграциите во НАТО и ЕУ
2. Одложено, во моментот кога ќе станеме членка на ЕУ за да нема нови условувања
3. Никогаш, не ми е прифатлива промена на името
4. Не знам/ немам одговор

**П5. Дали би прифатиле националноста/ државјанството во ООН да биде дефинирано, на пример како „граѓани на Република Северна Македонија“?**
1. Да 2. Не 3. Не знам/ немам одговор

**П6. Дали би прифатиле македонскиот јазик да биде додефиниран во заграда, на пример како „официјален јазик на Република Северна Македонија“?**
1. Да 2. Не 3. Не знам/ немам одговор

**П7. Кој треба да одлучи за евентуалниот договор?**
1. Владата на Македонија 2. Претседателот на РМ договор со главните политички партии
3. Граѓаните преку референдум

**П8. Во Меѓународниот суд се одвива спор меѓу Македонија и Грција за кршење на Привремената спогодба поради ветото за прием во НАТО. Судот треба да донесе одлука наскоро. Кои се Вашите очекувања од одлуката на Судот?**
1. Македонија ќе добие пресуда во нејзина корист, дека Грција ја крши Привремената спогодба
2. Грција ќе добие пресуда во нејзина корист, дека на Самитот на НАТО немало вето
3. Пресудата ќе биде дека и Македонија и Грција ја кршат Привремената спогодба
4. Судот нема да пресуди или ќе има нејасна пресуда
5. Не знам, не сум слушнал за судењето/ немам одговор

**П9. Која од овие две изјави е најблиску до вашиот сопствен став/ уверување?**
1. Секако дека и Македонија (името) и евроатлантските интеграции (НАТО, ЕУ) се важни. Но, ако би требало да избирам меѓу нив, би го сметал за поважно зачувувањето на името и по цена тоа доведе до застој на евроатлантските интеграциите и да го намали економскиот развој.
2. Секако дека и Македонија и евроатлантските интеграции (НАТО, ЕУ) се важни. Но, ако би требало да избирам меѓу нив, би ги сметал за поважни евроатлантските интеграции (НАТО, ЕУ), за да се обезбеди перспективата на државата, дури и ако треба да се прифати компромис со Грција, кој не го загрозува македонскиот идентитет, културата и јазикот.
3. Не се согласувам со ниту една од наведените изјави (спонтано).
4. Не знам/ НО (спонтано).

**П10. За колку време Вие лично сакате да се реши спорот со името?**
1. За една година 2. 2-5 години 3. Неодредено, за колку време ќе биде потребно разумен договор
4. Не знам/ немам одговор

**П11. За колку време Вие мислите дека ќе се реши спорот со името?**
1. За една година 2. 2-5 години 3. 6-10 години 4. Никогаш

**П12. На референдум на кое е поставено следното прашање (картичка), како ќе гласате „Се согласувам со промена на името во Централна Балканска Република Македонија, за севкупна меѓународна и билатерална употреба“?**
1. Да 2. Не 3. Нема да гласам

**П13. Доколку големите партии го поддржат евентуалниот договор и се спроведе референдум, дали би учествувале во:**
1. Кампањи и мирни собири за поддршка на договорот со Грција и гласање на референдум ЗА договорот
2. Самоорганизирани протести и други мирни облици на кои би било поддржано зачувување на името и гласање на референдум ПРОТИВ договорот
3. Самоорганизирано граѓанско насилство (насилни демонстрации/ напади на институции) за одбрана на името/ да се спречи промена на името
4. И така и така - зависи од што е договорено/ колку сум (не)задоволен од договорот
5. Не би учествувал во никакви активности 6. Не знам/ немам одговор

**П14. Кои се главните закани/ ризици ако не се реши спорот?**
1. Застој во евроатлантските интеграции (ЕУ, НАТО) 2. Влошување на меѓуетничките односи
3. Економски застој 4. Друго
5. Нема ризици 6. Не знам/ немам одговор

**П15. Дали има ризици ако се реши спорот со договор со Грција?**
1. Грција ќе бара нови отстапки во идентитетот и јазикот дури не го уништи македонскиот идентитет
2. ЕУ нема да не прими бидејќи не сакаат нови членови од Балканот
3. Ќе има раскол, тензии и судири на предавници и патриоти 4. Друго
5. Нема ризици 6. Не знам/ немам одговор

# ПРИЛОГ 2. СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ

Примерокот опфати 1.090 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 15 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и региони.

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 55,2 |
| Жена | 44,8 |
| **Возраст** | **%** |
| 15-29 години | 29,5 |
| 30-44 години | 30,3 |
| 45-59 години | 23,4 |
| Над 60 години | 16,8 |
| **Етничка припадност** | **%** |
| Македонец/ка | 66,3 |
| Албанец/ка | 26,9 |
| Турчин/ка | 1,9 |
| Ром/ка | 1,6 |
| Србин/ка | 1,3 |
| Влав/инка | 0,8 |
| Бошњак/чка | 0,2 |
| Друго | 1,0 |
| **Припадност на религија** | **%** |
| Православна | 66,7 |
| Исламска | 30,3 |
| Католичка | 0,5 |
| Друга | 0,3 |
| Атеист/агностик/секуларен/без одговор | 2,3 |
| **Место на живеење** | **%** |
| Село | 37,8 |
| Помал град | 14,7 |
| Поголем град | 26,4 |
| Скопје | 21,1 |
| **Образование** | **%** |
| Без формално образование | 0,5 |
| Незавршено основно | 3,5 |
| Основно | 12,1 |
| Средно | 50,6 |
| Вишо | 8,2 |
| Високо | 22,4 |
| Постдипломски | 2,8 |

| Работен статус | % |
|---|---|
| Невработен | 30,6 |
| Пензионер | 6,0 |
| Професионален работник | 12,8 |
| Менаџер, директор или службеник | 3,1 |
| Сопственик на претпријатие | 6,3 |
| Чиновник или канцелариски работник | 8,4 |
| Продавач | 5,4 |
| Услужен персонал | 5,0 |
| Градежен или рударски работник | 2,6 |
| Работник во производство | 6,1 |
| Транспортен работник | 2,1 |
| Инсталер или мајстор | 1,1 |
| Земјоделски, риболовен работник | 2,8 |
| Друго | 7,6 |
| Без одговор | 0,1 |
| **На која политичка партија сте симпатизер (спонтано)?** | **%** |
| ВМРО-ДПМНЕ | 18,3 |
| СДСМ | 9,3 |
| ДУИ | 8,6 |
| ДПА | 4,3 |
| Други | 6,5 |
| Не сум симпатизер на ниту една | 52,9 |
| **Регион** | **%** |
| Скопски | 28,4 |
| Југоисточен | 8,3 |
| Источен | 10,1 |
| Североисточен | 8,3 |
| Вардарски | 7,3 |
| Југозападен | 10,1 |
| Полошки | 15,6 |
| Пелагониски | 11,9 |